**20211782979**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 2021 година.

Бр. 08-3677/1
30 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18, 98/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19), во членот 4 точката 5 се менува и гласи:

„5. „Индустриско истражување“ е планирано или критичко истражување со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, процеси или услуги или за значително подобрување на постојните производи, процеси и услуги,“.

По точката 5 се додаваат две нови точки 6 и 7, кои гласат:

„6. „Организационен облик за технолошки развој и истражување“ е место во или вон производствениот капацитет на корисникот на финансиската поддршка каде што тој развива или иновира високо-технолошки производи, технологии или производствени процеси, при што развојот на производот или иновацијата не вклучуваат редовни и вообичаени модификации на производи, производни линии, производни процеси, постојни сервиси и други тековни активности иако тие внесуваат промени. Производствениот процес на деловниот субјект сам по себе не се смета за активност на организациониот облик за технолошки развој и истражување.

7. „Високо квалификуван персонал" се истражувачи, инженери, дизајнери и маркетинг менаџери со високо образование и најмалку пет години релевантно професионално искуство.

Точките 6, 7 и 8 стануваат точки 8, 9 и 10.
Точките 9 и 10 се бришат.
Во точката 12 во алинејата 6 зборовите: „или ликвидација“ се бришат.
Во точката 13 зборовите: „која не е претходно користена (неамортизирана)“ се бришат.
Во точката 14 зборот „превземени“ се заменува со „преземени“.

Член 2

Насловот пред членот 5 и членот 5 се менуваат и гласат:

„Времетраење и одржување на инвестициски проект

Член 5

(1) Инвестицискиот проект за кој се доделува финансиска поддршка согласно со овој закон не може да трае подолго од пет години од денот на почетокот на реализација на инвестицискиот проект.

(2) Корисникот на финансиската поддршка кој примил финансиска поддршка согласно со овој закон има обврска да ја одржува инвестицијата за период од најмалку пет години по датумот на завршување на инвестицискиот проект.“.

Член 3

Во член 8 во ставот (1) по зборот „оправдани“ се додава зборот „инвестициски”.
Во став (2) во алинејата 2 бројот „50.000.000,00“ се заменува со бројот „50.000.000“.
Ставот (3) се менува и гласи:

„Максималниот интензитет на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член не се однесува на финансиска поддршка која се доделува и исплатува за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување. Максималниот интензитет по корисник за финансиска поддршка која се доделува и исплаќа за воспоставување на организациони облици за технолошки развој е утврдена во членот 20 од овој закон.“.

Член 4

Во член 9 ставот (4) се менува и гласи:

„Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и деловните субјекти кои вршат дејности поврзани со наменско производство (вооружување и воена опрема)“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Деловниот субјект ќе се стекне со право да користи финансиска поддршка согласно со овој закон ако кумулативно ги исполни условите предвидени во ставот (1) на овој член.”.

Член 5

Во член 10 во воведната реченица зборовите: „доделена и” се заменуваат со зборот „доделена”.

Пред алинејата 1 се додаваат пет нови алинеи, кои гласат:

„- јавни претпријатија основани и во сопственост на државата и единиците на локалната самоуправа, трговски друштва кои се во целосна или делумна сопственост на државата и единиците на локалната самоуправа, јавните приватни партнерства во кои учествува државата или единиците на локалната самоуправа,

- кои се носители на лиценца за производство на електрична енергија, но само доколку добиваат механизми за поддршка (повластени тарифи или премиуми), односно електричната енергија ја продаваат по регулирани цени,

- кои вршат регулирана дејност чија цена ја одредува независно регулаторно тело,

- корисници на право на концесии на добра од општ интерес, но само доколку концесијата се користи за продуктивна почетна инвестиција,

- кои произведуваат акцизна стока и тоа само за делот за производство на акцизна стока,".

Во алинејата 2 на крајот од реченицата точка запирка се заменува со точка.

Член 6

Членот 12 се менува и гласи:

„Финансиската поддршка која се доделува на деловните субјекти согласно со овој закон ќе се реализира на годишно ниво со директна исплата на сметката на корисникот во постапката утврдена со овој закон и согласно со склучениот договор за финансиска поддршка.".

Член 7

Во член 13 зборовите: „врз основа" се заменуваат со зборовите: „врз основа на".

Член 8

Во член 14 ставот (1) се менува и гласи:

(1) Видови на финансиска поддршка за инвестиции и конкуретност се:

а) Поддршка за нови вработувања;

б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;

в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;

г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;

д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи;

ѓ) Поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии и

е) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:

„(2) Деловниот субјект може да поднесе барање за склучување на договор за финансиска поддршка за повеќе видови на финансиска поддршка за инвестиции и конкуретност од ставот (1) на овој член.".

Член 9

Во член 15 во став (1) по зборовите: „Финансиска поддршка за нови вработувања" се додаваат зборовите: „во рамки на инвестицискиот проект".

Во став (2) зборот „минималнатата" се заменува со зборот „минималната".

Ставот (4) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка од ставот (2) на овој член не може да се исплаќа за временски период подолг од пет години.".

Член 10

Членот 16 се менува и гласи:

„За остварување на финансиска поддршка од членот 15 од овој закон, најмалку 50% од нововработените лица во текот на годината за која се бара финансиска поддршка треба да се лица кои исполнуваат најмалку еден од следниве услови и тоа:

- најмалку три месеци пред вработувањето да немале засновано работен однос и најмалку 12 месеци пред вработувањето да не биле вработени кај корисникот на финансиската поддршка или во поврзан деловен субјект или
- прв пат да засноваат работен однос со него или
- последниот работен однос да им престанал поради отворање на стечајна или ликвидациска постапка или
- непосредно пред вработувањето да бил вработен во јавна или државна администрација.”.

Член 11

Во член 17 ставот (1) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка за воспоставување и унапредување на деловната соработка со добавувачи се однесува на деловни субјекти кои вршат дејност во технолошко индустриските развојни зони и кои ќе набават и вградат производи од добавувачи во крајниот производ наменет за извоз.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 10% од вредноста на вкупно извршените набавки на производи од добавувачи што се вградуваат во производот на корисникот на финансиската поддршка во претходната година, под услов вкупните набавки од добавувачи да бидат најмалку 7,5% од вкупните набавки на корисникот на финансиска поддршка во претходната година.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Во деловната соработка од ставот (1) на овој член не се земаат предвид набавки извршени од јавни претпријатија (електрична енергија, горива, гас, вода, комуналии, телеком услуги и слично), како и адвокатски, сметководствени или консултантски услуги.“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член не може да се исплаќа за временски период подолг од пет години.“.

Член 12

Членот 18 се менува и гласи:

„За остварување на правото на финансиска поддршка од членот 17 од овој закон потребно е корисникот да реализирал набавки од добавувачи кои не се капитално или на кој било начин согласно со закон поврзани со корисникот на финансиската поддршка и кои вршат претходни процеси и операции врз производот кој се доставува и вградува во производот на корисникот на финансиската поддршка.“.

Член 13

Во членот 19 зборот „три“ се заменува со зборот „пет“.

Член 14

Во член 20 ставот (1) се менува и гласи:

„Финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување се доделува за воспоставување на одделенија, центри или друг облик на организациска структура, во кои се реализираат одржливи истражувачки и развојни проекти и/или се ангажира високо квалификуван персонал со цел стекнување на нови знаења и вештини за развој на нови производи, производни процеси и услуги или за значително подобрување на постојните производи, производните процеси и услуги во производните дејности, со исклучок на прототипи.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 50% од вкупните оправдани инвестициски трошоци за индустриско истражување, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата за времетраење на инвестицискиот проект.”.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Оправдани инвестициски трошоци од ставот (1) на овој член се:

- персонални трошоци (истражувачи, техничари и друг кадар за поддршка, вработени или ангажирани на проектот за истражување) до степенот до кој пeросналот е вработен или ангажиран за потребите на истражувачкиот проект,
- трошоци за инструменти, нови машини и опрема кои се користат за потребите на истражувачкиот проект, до степенот до кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект,
- трошоци за згради и земјиште на кое ќе се воспостави организационен облик за технолошки развој, до степенот до кој истите се користат за потребите на истражувачкиот проект,
- трошоци за договорно истражување, техничко знаење и патенти, купени или лиценцирани од страна на надворешни извори, по пазарни цени, како и трошоци за консултантски и еквивалентни услуги кои исклучиво се користат за истражувачките активности,
- дополнителни трошоци настанати директно како резултат на истражувачки проекти; и
- други оперативни трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за материјали, набавки и слични производи настанати директно како резултат на истражувачката дејност.”.

Во ставот (5) зборот „доделува” се заменува со зборот „исплаќа”, а зборовите: „сметано од годината во кое е поднесено барање за доделување на финансиска поддршка” се бришат.

Член 15

Членот 21 се брише.

Член 16

Членот 22 се менува и гласи:

„Инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Северна Македонија се:

- инвестициски проекти чии оправдани инвестициски трошоци изнесуваат најмалку 4.000.000 евра и во рамки на кои се создаваат најмалку 300 нови работни места или
- инвестициски проекти чии оправдани инвестициски трошоци изнесуваат најмалку 15.000.000 евра“.

Член 17

Во член 23 ставот (1) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Северна Македонија се состои од:

а) исплата на средства во висина на платениот данок на личен доход од платите на нововработените лица, државјани на Република Северна Македонија почнувајќи од датумот на почеток на инвестицискиот проект;

б) исплата на средства во висина на платениот данок на добивка, кој произлегува исклучиво од активностите во рамки на инвестицискиот проект;

в) парични средства во износ до 10% од оправданите инвестициски трошоци (материјални и нематеријални средства) реализирани во рамки на инвестицискиот проект, но не повеќе од 1.000.000 евра годишно во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата;

г) исплата на парични средства за секое новоവработено лице за кое е континуирано исплатена нето-плата повисока за најмалку 50% од висината на минималната нето-плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија и тоа:

- износ од 2.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, за првите 300 новоွработени лица во рамки на инвестицискиот проект,
- износ од 3.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, само за делот на новоവработените од 301 до 500 лица,
- износ од 3.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, само за делот на новоവработените од 501 до 1.000 лица,
- износ од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, само за делот на новоവработените од 1.001 до 2.000 лица.”.

Член 18

Членот 24 се менува и гласи:

„(1) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка а) од овој закон се остварува на годишно ниво во времетраење до десет години сметано од месецот во кој започнува инвестицискиот проект.

(2) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка б) од овој закон се остварува на годишно ниво во времетраење до десет години сметано од датумот во кој започнува инвестицискиот проект, сметано од годината на склучување на договорот за финансиска поддршка.

(3) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка в) од овој закон се остварува на годишно ниво за период од пет години сметано од датумот на започнување на инвестицискиот проект.

(4) Финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка г) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон ќе се исплатува еднократно за секое ново - создадено работно место на годишно ниво за период од пет години сметано од датумот на започнување на инвестицискиот проект.

(5) Корисникот на финансиската поддршка треба да ја одржи инвестицијата и новосоздадените работни места за кои е примена финансиска поддршка согласно со членот 23 став (1) точка г), за период од најмалку пет години сметано од датумот на завршување на инвестицискиот проект.”.

Член 19

Во член 25 во ставот (2) зборовите: „реализираната инвестиција” се заменуваат со зборовите: „оправданите инвестициски трошоци,”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе се исплаќа на годишно ниво, но не подолго од пет години.“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Корисникот на финансиската поддршка треба да ја одржи инвестицијата за период од пет години од последната година во која е завршена сметано од датумот на завршување на инвестицискиот проект.“.

Член 20

Членот 26 се брише.

Член 21

Насловот пред членот 27 и членот 27 се менуваат и гласат:

„Финансиска поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии

Член 27

(1) Финансиска поддршка се доделува на деловни субјекти кои ќе преземат други деловни субјекти во потешкотии и кои ќе започнат продуктивна почетна инвестиција.

(2) Максималниот износ на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе изнесува 10% од трошоците за преземање на деловниот субјект во потешкотии, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член се исплаќа еднократно во рок од 12 месеци сметано од денот на преземање на деловниот субјект во потешкотии.

(4) Користењето на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член го исклучува користењето на финансиска поддршка од членот 25 од овој закон.“.

Член 22

Членот 28 се менува и гласи:

„(1) За остварување на финансиската поддршка од членот 27 од овој закон корисникот треба да ги исполни следниве услови и тоа:

- да преземе деловен субјект во постапка за реорганизација спроведена во отворена стечајна постапка,

- да е деловен субјект кој во периодот од последните три години пред отворањето на стечајната постапка освен преку деловна соработка не бил поврзан на кој било начин со деловниот субјект кој е во постапка на стечај.

(2) Корисникот на финансиска поддршка треба да започне со производство најдоцна во период од две години од преземањето на деловниот субјект во потешкотии.

(3) Корисникот на финансиската поддршка треба да го одржи инвестицискиот проект за период од пет години сметано од датумот на завршување на инвестицискиот проект.”.

Член 23

Членот 29 се менува и гласи:

„(1) Финансиската поддршка за деловни субјекти кои ја зголемиле својата конкурентност на пазарот се доделува за остварен пораст на приходи од работење.

(2) Максималниот годишен износ на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 10% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

(3) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член ќе се исплаќа на годишно ниво, но не подолго од пет години.“.

Член 24

Членот 30 се менува и гласи:

„За остварување на финансиска поддршка од членот 29 од овој закон корисникот на финансиската поддршка треба да оствари пораст на приходите од работењето во последната година од најмалку 5% во однос на просекот во претходните три години или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност.“.

Член 25

Насловот пред членот 31 и членот 31 се менуваат и гласат:

„Рамномерен регионален развој

Член 31

„(1) Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, корисниците на финансиска поддршка ќе добијат дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион каде што се реализира продуктивната почетна инвестиција.

(2) Дополнителната финансиска поддршка ќе се пресметува како процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој се реализира продуктивната почетна инвестиција.

(3) Дополнителната финансиска поддршка од ставот (2) на овој член ќе се аплицира врз одобрениот износ на финансиска поддршка за годината за која се однесува барањето за исплата.

(4) За потребите на пресметка на дополнителната финансиска поддршка од ставот (2) на овој член ќе се користат последните достапни податоци за БДП по глава на жител по региони кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.“.

Член 26

Членот 32 се брише.

Член 27

Пред членот 33 се додава нов наслов, кој гласи:

„Финансиска поддршка за деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија со постојан или привремен престој надвор од Република Северна Македонија”.

Член 28

Членот 33 се менува и гласи:

„(1) За продуктивни почетни инвестиции на деловни субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија, коишто имаат или имале регулиран постојан или привремен престој во странство, односно надвор од Република Северна Македонија во период од најмалку пет години, до денот на поднесувањето на барањето, износот на финансиската поддршка од членот 23 став (1) точка (в), членот 25 став (2), членот 27 став (2) и членот 29 став (2) од овој закон, се зголемува за 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, на годишно ниво.

(2) Државјани на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка.”.

Член 29

Насловот пред членот 34 се менува и гласи:

„Доделување на финансиска поддршка“.

Член 30

Во членот 34 ставот (2) се менува и гласи:

„Договорите за финансиска поддршка во име на Владата ги потпишува еден од следниве потписници:

- Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,
- Министерот за економија,
- Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и
- Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.“.

Член 31

Членот 35 се менува и гласи:

„(1) Финансиската поддршка од членовите 15, 17, 20, 23, 25, 27, 29, 31 и 33 од овој закон се одобрува до износот на средства за таа цел утврдени во буџетот за тековната година на институциите надлежни за исплата.

(2) Доколку врз основа на проекцијата за видот и максималниот износ на финансиска поддршка се надминат утврдените буџетски средства за таа намена, исплатата се врши сразмерно по корисник на финансиска поддршка во рамките на утврдените буџетски средства за соодветната фискална година. Износот кој ги надминува утврдените буџетски средства за таа намена не претставува обврска на Буџетот на Република Северна Македонија.“.

Член 32

Членот 36 се менува и гласи:

„(1) Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка се Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот.

(2) За инвестициски проекти во технолошко индустриски развојни зони и индустриски зони управувани од Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, деловните субјекти поднесуваат барања за користење на финансиска поддршка до Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони.

(3) За инвестициски проекти надвор од технолошко индустриски развојни зони и индустриски зони управувани од Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, деловните субјекти поднесуваат барања за користење на финансиска поддршка до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.“.

Член 33

Членот 37 се менува и гласи:

„(1) За доделување на финансиска поддршка согласно со овој закон, деловниот субјект најдоцна до 31 мај во тековната година поднесува барање за доделување на финансиска поддршка до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.

(2) Кон барањето се доставува Писмо на намери, деловен план за инвестициски проект и финансиски извештаи за последните три години или за пократок период во зависност од датумот на кој деловниот субјект е основан или започнал со дејност.

(3) Освен документите од ставот (1) на овој член надлежниот орган од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон може да побара од подносителот на барањето да достави и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето за доделување на финансиска поддршка.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за економија.“.

Член 34

Членот 38 се менува и гласи:

„(1) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон најдоцна до крајот на тековниот месец ги разгледуваат барањата пристигнати во претходниот месец и доставената документација при што ја утврдуваат комплетноста на барањето и доставената документација, врз основа на што составуваат писмен извештај за разгледаните барања.

(2) Доколку доставените барања и документацијата од ставот (1) на овој член не се комплетни надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон доставуваат известување во рок од осум дена од разгледувањето на барањето до барателот со укажување за дополнување на поднесеното барање со потребна документација во рок од 14 дена од денот на доставувањето на известувањето.

(3) Доколку барателот не постапи согласно со ставот (2) на овој член надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон ќе го известат барателот во рок од осум дена од истекот на рокот за дополнување на барањето, дека барањето поради некомплетност нема да биде предмет на разгледување во постапката за доделување на финансиска поддршка.

(4) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон до Комисијата за евалуација на барањата за доделување на финансиска поддршка за инвестиции формирана од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисија за евалуација) во рок од осум дена го доставува писмениот извештај од ставот (1) на овој член со сите барања со потребната комплетна документација.

(5) Комисијата за евалуација од ставот (4) на овој член ја сочинуваат член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија и други членови назначени од Владата на Република Северна Македонија.

(6) На членовите на Комисијата за евалуација им следува надоместок, кој го определува Владата на Република Северна Македонија, врз основа на бројот на разгледани барања и бројот на одржани состаноци. Со работата на Комисијата претседава членот од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

(7) За начинот на својата работа Комисијата за евалуација донесува Деловник за работа.

(8) Комисијата за евалуација го разгледува писмениот извештај со добиените барања и документацијата од ставот (4) на овој член и во рок од 15 дена од приемот на истите изготвува Извештај и го доставува до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон. Извештајот содржи: број на добиени барања и видот на финансиската поддршка, листа на деловните субјекти и инвестициските проекти чии барања ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка, како и мислење за исполнетост на услови за добивање на финансиска поддршка согласно со овој закон. Извештајот треба да биде потпишан од најмалку две третини од сите членови на Комисијата.

(9) По добиениот Извештај на Комисијата за евалуација, надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) доставуваат известување во рок од осум дена до сите деловни субјекти кои не ги исполнуваат условите за склучување на договор за финансиска поддршка со причините за истите утврдени во Извештајот.“.

Член 35

Членот 39 се менува и гласи:

„Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон врз основа на Извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, најдоцна во рок од 15 дена од добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставуваат Нацрт договор за добивање согласност за доделување на финансиска поддршка.“.

Член 36

Членот 40 се менува и гласи:

„(1) Договорот за доделување на финансиска поддршка особено ги содржи следниве елементи:

- договорни страни,
- предмет на договорот за доделување на финансиска поддршка,
- видот на финансиската поддршка која се доделува со договор за доделување на финансиска поддршка,
- права и обврски на договорни страни,
- рокови за исполнување на преземени права и обврски,
- начин на исплата на финансиската поддршка,
- одредби во случај на неисполнување на преземени обврски,
- одредби за престанок,
- одредби за раскинување на договорот,
- одредби за решавање на спорови и
- други одредби.

(2) Договорот за финансиска поддршка кој не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член е ништовен.“.

Член 37

Членот 40-а се менува и гласи:

„(1) Договор за финансиска поддршка на инвестиции може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за проширување на обемот на финансиска поддршка преку доделување и на друг вид на финансиска поддршка од членот 14 од овој закон.

(2) Договор за финансиска поддршка на инвестиции може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за измена на минималниот износ на инвестиција и тоа истиот да се зголеми без ограничувања или да се намали, но не повеќе од 20% од вкупната вредност на инвестицискиот проект за кој е склучен Договорот за доделување на финансиска поддршка, освен за корисниците на финансиска поддршка од членот 22 од овој закон.

(3) Барањата од ставовите (1) и (2) на овој член деловниот субјект може да ги поднесе најдоцна до 31 мај во тековната година до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.

(4) Периодот за кој се врши измена на договорот, не може да биде подолг од периодот за кој е склучен договорот за финансиска поддршка на инвестициите.

(5) Кон барањата од ставовите (1) и (2) на овој член се доставува документација утврдена во членот 37 став (2) од овој закон.

(6) Постапката за одлучување по барањата од ставовите (1) и (2) на овој член, се врши согласно со членот 38 од овој закон.

(7) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон, врз основа на извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (8) од овој закон, најдоцна во рок од 15 дена од добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставуваат Нацрт анекс на договорот за измена на договорот за финансиска поддршка на инвестиции за добивање согласност.

(8) Анексот на договор од ставот (7) на овој член го склучува Владата на Република Северна Македонија, но не подоцна од 31 јули во тековната година, а во име на Владата го потпишува еден од потписниците наведени во членот 34 став (2) од овој закон.“.

Член 38

Членот 41 се менува и гласи:

„(1) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон водат евиденција за склучените договори за доделување на финансиска поддршка и во име на давателот на финансиската поддршка, еднаш годишно, доставуваат годишен извештај до Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и до Владата на Република Северна Македонија.

(2) Склучениот договор за финансиска поддршка се воведува во евиденцијата на оној орган од ставот (1) на овој член кај кого е поднесено првото барање на корисникот на финансиска поддршка кое е прифатено како уредно и по истото е спроведена постапка за доделување на Договор за финансиска поддршка.

(3) Давателот на финансиска поддршка веднаш, но најдоцна во рок од 15 дена од потпишувањето на договорот, доставува еден примерок од договорот за доделување на финансиска поддршка до органот кој води евиденција на склучени договори за финансиска поддршка.“.

Член 39

Членот 42 се менува и гласи:

„(1) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и Министерството за економија го следат и вршат контрола над спроведувањето на склучените договори за доделување на финансиска поддршка за време на нивната важност.

(2) Владата на Република Северна Македонија при донесување на одлука за склучување на секој Договор за доделување на финансиска поддршка ќе одреди кој од органите од ставот (1) на овој член ќе го следи предметниот договор.

(3) Видот, начинот и обемот на вршење на активностите на следење и контрола на реализацијата на склучените договори ќе го пропише министерот за економија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Следењето на спроведувањето на договорите согласно со овој член не ја исклучува надлежноста на другите државни органи и нивните овластувања за постапување во рамки на соодветната законска надлежност која се однесува на работењето на корисникот на финансиската поддршка или инвестицискиот проект кој тој го реализира.“.

Член 40

Членот 43 се менува и гласи:

„(1) Корисникот на финансиската поддршка кој ги исполнил условите согласно со договорот за финансиска поддршка најдоцна до 31 август во тековната година за исплата на средства согласно со склучениот договор за финансиска поддршка доставува барање за исплата на финансиската поддршка со потребната документација до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.

(2) Надлежните органи од ставот (1) на овој член го разгледуваат Барањето за исплата на финансиската поддршка и откако ќе утврдат дека се исполнети условите за користење на финансиска поддршка предвидени во овој закон ќе извршат исплата на износот кој му следува на корисникот. Доколку надлежниот орган не е потписник на договорот за финансиска поддршка, разгледаното барање за исплата го доставува до Владата на Република Северна Македонија да изврши исплата.

(3) Формата и содржината на барањето и потребната документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(4) Видовите на оправдани инвестициски трошоци и начинот на спроведување на исплатата на финансиската поддршка ги пропишува министерот за економија.“.

Член 41

Членот 43-а се менува и гласи:

„Деловните субјекти кои ќе склучат договори за финансиска поддршка до 31 јули во тековната година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка за реализираните оправдани инвестициски трошоци, реализирани во претходната година согласно со овој закон, најдоцна до 31 август во тековната година.“.

Член 42

По членот 43-а се додава нов член 43-б, кој гласи:

„Член 43-б

Одобрената финансиска поддршка за реализираните оправдани инвестициски трошоци во претходната година ќе се исплаќа во две транши. Првата транша во висина од 50% од одобрениот износ на финансиска поддршка ќе се исплати најдоцна за 60 дена од датумот на поднесување на комплетното барање за исплата. Втората транша ќе се исплати дополнително, најдоцна до 25 декември во тековната година.“.

Член 43

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „ Република Северна Македонија“.

Член 44

(1) Деловните субјекти кои склучиле анекси на договори за финансиска поддршка на инвестициите согласно со членот 32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 98/19) може да поднесат барање за измена на договорите заради усогласување со одредбите од овој закон најдоцна до 16 август 2021 година.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува до надлежните органи од членот 32 со кој се менува членот 36 од овој закон, за склучување на анекс кон договорот за финансиска поддршка на инвестициите.

(3) Постапката за одлучување по барањето од ставот (1) на овој член, се врши согласно со членот 33 со кој се менува членот 37 од овој закон.

(4) Анексот на договор од ставот (2) на овој член го склучува Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 14 октомври 2021 година, а во име на Владата го потпишува еден од потписниците наведени во членот 30 со кој се менува членот 34 од овој закон.

(5) Доколу деловните субјекти не склучат Анекс на Договор согласно со ставот (4) на овој член, реализацијата на финансиската поддршка ќе се одвива согласно со одредбите од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18, 98/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19).“.

Член 45

(1) Деловните субјекти кои имааат пад до 15% на вкупните приходи од работењето во 2020 година во однос на просекот од претходните три години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години, сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка, може да поднесат барање за доделување на финансиска поддршка согласно со одредбите од овој закон до 16 август 2021 година.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува до надлежните органи од членот 32 со кој се менува членот 36 од овој закон.

Член 46

Деловните субјекти кои имаат склучено договор за финансиска поддршка на инвестиции во кој била вклучена мерката поддршка за освојување на нови пазари и пораст на продажба согасно со членовите 31 и 32 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18, 98/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19) продолжуваат да го користат овој вид финансиска поддршка согласно со договорот за финансиска поддршка кој бил склучен врз основа на одредбите од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18, 98/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19).

Член 47

(1) Деловните субјекти кои ги исполнуваат условите за доделување финансиска подршка согласно со овој закон, за 2021 година, можат да поднесат барање согласно со членот 33 од овој закон со кој се менува членот 37 став (1) до 16 август 2021 година.

(2) Деловните субјекти кои ги исполнуваат условите за доделување финансиска поддршка согласно со овој закон, за 2021 година, можат да поднесат барање согласно со членот 37 од овој закон со кој се менува членот 40-а став (3) до 16 август 2021 година, а анексот на договорот од членот 37 со кој се менува членот 40-а став (8) може да се склучи не подоцна од 14 октомври 2021 година.

(3) Деловните субјекти кои ги исполнуваат условите за доделување финансиска поддршка согласно со овој закон, за 2021 година, можат да поднесат барање согласно со членот 40 од овој закон со кој се менува членот 43 став (1) до 15 ноември 2021 година.

(4) Деловните субјекти кои ги исполнуваат условите за доделување финансиска поддршка согласно со овој закон, за 2021 година, можат да поднесат барање согласно со членот 41 од овој закон со кој се менува членот 43-а до 15 ноември 2021 година.

Член 48

Подзаконските акти утврдени со овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 49

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.